Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.143/2019 и 14/2020), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп бр.01-1199/1 од 01.06.2015 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на рабоотните места во Општина Прилеп бр. 01-1199/4 од 11.08.2015, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп бр.01-2431/1 од 02.11.2015, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп бр. 01-1268/1 од 02.06.2016, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп бр. 01-920/1 од 05.03.2018, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп бр.01-330/2 од 14.03.2018 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп бр.01-1896/1 од 17.05.2018, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп 01-2828/1 од 25.07.2018, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп 01-2837/4 од 02.10.2019 и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Прилеп 01-2837/6 од 02.10.2019 година.

Член 2

Во глава IV. „Опис на работните места во Општина Прилеп“, во Територијална Противпожарна единица на Општина Прилеп, во работното место со реден број 123, со Шифра ПОЖ0210А04000, со Звање Командир на територијална противпожарна единица, Назив на работното место-Командир на територијална противпожарна единица, делот Вид на образование се менува и гласи:„Високо образование“.

Член 3

Во глава IV. „Опис на работните места во Општина Прилеп“, во Територијална Противпожарна единица на Општина Прилеп, во работното место со реден број 124, со Шифра ПОЖ0210А05000, со Звање Заменик командир на територијална противпожарна единица, Назив на работното место-Заменик командир на

територијална противпожарна единица, делот Вид на образование се менува и гласи:„Високо образование".

Член 4

Во глава IV. „Опис на работните места во Општина Прилеп", во Територијална Противпожарна единица на Општина Прилеп, во работното место со реден број 125, со Шифра ПОЖ0210Б04000, со Звање Командир на одделение, Назив на работното место-Командир на одделение, делот Вид на образование се менува и гласи:„Вишо или средно образование".

Член 5

Во глава IV. „Опис на работните места во Општина Прилеп", во Територијална Противпожарна единица на Општина Прилеп, во работното место со реден број 126, со Шифра ПОЖ0210В02000, со Звање Водач на група, Назив на работното место-Пожарникар спасител-водач на група, делот Вид на образование се менува и гласи:„Вишо или средно образование".

Член 6

Во глава IV. „Опис на работните места во Општина Прилеп", во Територијална Противпожарна единица на Општина Прилеп, во работното место со реден број 127, со Шифра ПОЖ0210В03000, со Звање Пожарникар спасител-техничар, Назив на работното место-Пожарникар спасител-возач на специјално возило, делот Вид на образование се менува и гласи:„Вишо или средно образование".

Член 7

Во глава IV. „Опис на работните места во Општина Прилеп", во Територијална Противпожарна единица на Општина Прилеп, во работното место со реден број 128, со Шифра ПОЖ0210В04000, со Звање Пожарникар спасител, Назив на работното место-Пожарникар спасител, делот Вид на образование се менува и гласи:„Вишо или средно образование".

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-2735/1
10.11.2020 година

Градоначалник на Општина Прилеп

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-

| ПРИМЕНО: 17. 11. 2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 01 | 2735/3 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**До: ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**Архивски број:** 1216-234/4
**Датум:** 17.11.2020 г.

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**СОГЛАСНОСТ**
на

1. Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Прилеп, со архивски број 01-2735/1 од 10.11.2020 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Прилеп поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Прилеп.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Прилеп, со архивски број 01-2735/1 од 10.11.2020 година.

Со почит,
Министер
**Doc.D-r Jeton Shaqiri**

Република Северна Македонија – Министерство за информатичко општество и администрација – Ministria e shoqërisë informatike dhe administratës – Скопје

Подготвил: м-р Медина Хоџа


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk